Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut

СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

Ул. "Македонија"бр.5, 1000 Скопје | тел.02/3218 130 факс.02/3218 131 | contact@ssrm.mk
Rr. "Makedonija" nr.5, 1000 Shkup | tel.02/3218 130 faksi.02/3218 131 | contact@ssrm.mk

Бр.__________________

________________ год.

СКОПЈЕ

СУДСКИОТ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, врз основа на член 100 од Уставот на Република Северна Македонија, амандман XXVII, член 36 став 1 алинеја 9 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија (Службен весник на РСМ бр102/19) и член 65 став 3 од Законот за судовите (Службен весник на РМ бр.58/2006, 35/2008, 150/2010 и 83/18 и Службен весник на РСМ бр.96/19), а во врска со поднесеното барање за одобрување на притвор против Н.Г., судија на В.С.Р.С.М., на нејавна седница, одржана на ден 21.05.2024 година, го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е

**СЕ ОДОБРУВА** барањето за одобрување на притвор на Н.Г., судија на В.С.Р.С.М., поднесено од судија на претходна постапка на О.К.С.Скопје од 20.05.2024 година**.**

## О б р а з л о ж е н и е

До Судскиот совет на Република Северна Македонија на ден 20.05.2024 година, доставено е барање од судија на претходна постапка на О.К.С.Скопје, за одземање на судскиот имунитет и за одобрување на притвор на осомничениот Н.Г., судија на В.С.Р.С.М. заведено во Советот под бр.10-78/1 од 20.05.2024 година. Во барањето е наведено дека од страна на О.Ј.О. за Г.О.К.К. на 20.05.2024 година до судија на претходна постапка на О.К.С.Скопје, Одделение за О.К.К., поднесен е предлог од 20.05.2024 година за определување на мерка притвор против осомничениот Н.Г., судија на В.С.Р.С.М., согласно член 165 став 1 точка 1, 2 и 3 од ЗКП, поради постоење на основано сомнение дека сторил кривично дело – Примање на награда за противзаконито влијание од член 359 став 7 в.в со став 3 в.в. со став 1 од КЗ.

Согласно чл. 36 став 1 алинеја 9 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија, Судскиот совет на Република Северна

Македонија е надлежен да одлучува по поднесеното барање за одобрување на притвор на судија.

Постапувајќи по барањето за одобрување на притвор против осомничениот Н.Г., судија на В.С.Р.С.М., поднесено од страна на судија на претходна постапка на О.К.С.Скопје од 20.05.2024 година, Судскиот совет на Република Северна Македонија на нејавна седница одржана на ден 21.05.2024 година, одлучи да даде одобрение на барањето за одобрување на притвор на судијата Н.Г.

Согласно член 65 став 3 од Законот за судовите, судија не може да биде притворен без одоборување на Судскиот совет на Република Северна Македонија, освен ако е затечен во вршење на кривично дело за кое е пропишана казна затвор во траење од најмалку 5 години.

Во конкретниот случај, Советот при одлучувањето ја имаше во предвид наведената законска одредба, како и околностите под кои е сторено кривичното дело кое му се става на товар на осомничениот- Примање на награда за противзаконито влијание од член 359 став 7 в.в со став 3 в.в. со став 1 од КЗ и запретената казна затвор која е од една до десет години.

Согласно наведеното, следуваше да се одлучи како во изреката на ова решение.